# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**Е- БИЛТЕН 1 - 2025**

**ЈАНУАРИ - МАРТ**

# Растеме заедно во лидерки на заедницата

Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН) започна со програма за градење на капацитетите на млади девојки и девојчиња за идни менторки и лидерки во заедницата. Ова е прекрасна можност за девојки од различни возрасти да се поврзат, учат и растат заедно, да се поддржуваат меѓусебно, да се социјализираат и да креираат акции. Целта на оваа програма е да поттикне доверба, лидерство и личен раст преку менторство. Со градење на трајни врски, нашите менторки на иднината ќе им помогнат да ги водат малите искри низ животните предизвици, притоа нудејќи им охрабрување, инспирација и мудрост.

## Еднодневна обука за „Менторки на иднината”

Ја реализиравме првата од четирите предвидени еднодневни работилници наменети за менторките на иднината, девојките на возраст од 15 до 17 години. Темата на оваа работилница беше „Развивање меки вештини: комуникација, тимска работа, решавање конфликти и емоционална интелигенција“, со цел учесничките – „Менторки на иднината“ – да ги зајакнат своите лични и професионални компетенции, да се запознаат меѓусебно и да изградат основа за успешна соработка во рамки на програмата.







# Состанокот со Европратеникот Томас Ваитс

Организација на жените на општина Свети Николе беше дел од состанокот со Европратеникот Томас Ваитс. Меѓу темите за кои се разговараше беше пристапот до здравствени услуги и особено гинеколошка заштита. Скрининзите за рак на дојка и на грлото на матката, вклучително и третмани, остануваат некои од клучните системски предизвици за жените во Северна Македонија, особено за жените од руралните области, жените Ромки и другите маргинализирани групи. Во справувањето со овие предизвици, од суштинско значење се законодавните реформи за родова еднаквост и имплементацијата на постојните закони, особено ако се усогласат со меѓународните обврски и процесот на пристапување во ЕУ.



# Континуирана промоција на канцеларијата за Бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка













- Психологот Емина Петкова во текстот објавен на нашата веб страна ни објасни повеќе за „Емоционална интелигенција - ни требаат ли уште информации?“

Линк до целиот текст: https://womsvetinikole.org.mk/public/emocionalna-inteligencija-ni-trebaat-li-ushte-informacii/





# Онлајн состанок со женски локални граѓански организации

На состанокот присуствуваа граѓанските организации Жена Делчево, ОЖ Велес, Визија Кавадарци, ОЖ Пехчево, ОЖОСВН, Станица 5 Прилеп, Лила Сила – Битола. Овие организации се учеснички во процесот на јакнење на нивните капацитети за застапување и поголема видливост на локалните организации, што е дел од проектот „Зајакни ја промената: Подобрување на застапувањето преку медиуми“.

На состанокот се споделија информации за досегашниот процес и искуства, идните активности, како и за заедничката иницијатива која ја покренаа за измени во Законот за локална самоуправа. Во вториот дел од состанокот, една од менторките објасни кои се очекувањата од секоја од организациите за наредната средба со физичко присуство, а заврши со едукативен дел од страна на другата менторка која сподели информации и насоки за различни алатките за видливост и како да се користат.







# Тренинг за интерпретација на податоци

Во периодот од 10 до 12 март 2025 година во Велес се одржа тренинг за интерпретација на податоци и зголемување на видливоста на локалните женски организации.

Тренингот, втор во циклусот, придонесе кон зајакнување на капацитетите на 13 претставнички од 7 граѓански организации од Свети Николе, Велес, Пехчево, Делчево, Битола, Прилеп и Кавадарци. Учесничките стекнаа знаења за креирање влијателни приказни при застапување базирано на докази, како и за подобра промоција на резултатите од нивната работа. Програмата опфати дискусии за претходните активности, практични вежби за визуелна презентација на проекти, користење на дигитални алатки (Canva, ChatGPT, Gemini) и планирање на идни иницијативи. Тренингот претставува значаен чекор за подобрување на ефективноста на женските организации, а соработката и споделувањето искуства ќе придонесат кон уште поголемо влијание во заедниците.








# Регионален форум за вмрежување и размена

ОЖОСВН како една од 18те организации од Западен Балкан подржани од фондацијата Квина тил Квина од Шведска, преку Британска амбасада беше дел од настанот што се одржа од 4 до 6 февруари 2025 година во Будва, Црна Гора. Настанот имаше за цел да ги обедини организациите за правата на жените од целиот Западен Балкан за зајакнување на регионалните врски, размена на искуства и стратегии. Ова беше можност за активистите за правата на жените од регионот да се соберат и да ги споделат своите искуства од работењето во сè потешкиот контекст. Во текот на овие три дена, имаше важни размени за загрижувачките трендови на намалување на граѓанскиот простор, спротивставувањето на правата на жените и зголемениот притисок врз феминистичките движења, но и за издржливоста и надежта, како и споделени искуства во борбата против штетните наративи. Дискусијата вклучуваше примери за тоа како работата со медиумите може да се користи како алатка за промена. Овие простори на размена, солидарност и соработка се од суштинско значење за зајакнување на феминистичката акција.



# Поделени над 500 честитки по повод 8 март

Волонтерките на ОЖОСВН поделија над 500 честитки со моќни пораки за храброста и силата на жените, поттикнувајќи свесност за нивните права и еднаквост. Честитките, поделени во локални фирми, институции и на минувачи, имаа за цел да ги информираат и охрабрат жените во справување со насилството. Оваа иницијатива ја истакнува важноста на солидарноста и еднаквоста, повикувајќи на заеднички напори за создавање општество без предрасуди, во кое жените ќе бидат слободни, безбедни и почитувани.






ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# Работилници со групата за самопомош




01

## Третман на лимфедема на екстремитетите

На 21 Јануари 2025 година ОЖОСВН ја реализираше трибината „Третман на лимфедема на екстремитетите“. Оваа трибина беше организирана во соработка со тимот од Центарот за грижа и нега на тело „Медикус Плус“.

## Инфлуенца (Грип)

На 27.02 се одржа работилница со групата за самопомош на тема „Инфлуенца (Грип)“. Работилницата ја водеше доктор по семејна медицина Гордана Митева.

02





03

## Траума, загуба и можности за нејзино надминување

На 26.03.2025 се одржа работилница на тема „Траума, загуба и можности за нејзино надминување“. Работилницата ја водеше психологот Емина Петкова.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# Други активности на ОЖОСВН

01




## ОЖОСВН како една од членките на Платформата за родова еднаквост реагираме и споделуваме во интерес на нашите целни групи.

- Реакција – Силна осуда на напади врз жените и загрижувачкиот пораст на мизогинијата во јавната сфера
- Реакција на предложените измени на Законот за полиција
- Манифест на Платформата за родова еднаквост

02

## Поместување на границите за економско омоќување на жените: Финансиски вештини и Linkedin можности

Целта на оваа работилница беше поместување на границите на локално ниво и вклучување на жените кои се заинтересирани за можностите на платформата LinkedIn и правилно искористување на сопствените вештини и знаење за подобра позиција на пазарот на трудот.




03




Министерство за правда при Република Северна Македонија со помош и поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје изработија веб страница која ќе служи како основа за промовирање на правото на надоместок меѓу жртвите, институциите и јавноста.
Веб страницата на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство е достапна на следниот линк: https://komisijazanadomestoknazrtvi.mk/

Донации за малиот ОГИ!



# Активности по повод 8 март

Организацијата на жените на општина Свети Николе по повод 8 март положија цвеќе на споменикот на паднатите борки во градскиот парк во Свети Николе. Во пресрет на овој важен празник, кој се прославува низ целиот свет, локалните женски граѓански организации ОЖОСВН и ГИЖ, Комисијата за еднакви можности и Градоначалникот на општина Свети Николе по положувањето на цвеќе на паднатите борки и поздравниот говор на актуелната претседателка на ОЖОСВН, Даниела Панева и првата претседателка, Македонка Гилева, им одадоа почит со едноминутно молчење.







# Меѓународни денови одбележани во овој квартал

- 24 јануари - Меѓународен ден на образованието
- Јануари – Месец на подигање на свеста за рак на грлото на матката
- 04 февруари – Светски ден за борба против ракот
- 11 февруари - Интернационален ден на девојките и жените во науката
- 20 февруари - Светски ден на социјалната правда
- 21 февруари - Светски ден на мајчиниот јазик
- 27 февруари - Светски ден на НВО
- 1 март - Ден на нулта дискриминација
- 24 март - Меѓунароен ден за правото на вистината во врска со грубото кршење на човековите права и достоинството на жртвите














032 444 620

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах 13 2220 Свети Николе

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

facebook.com/womsvetinikole

www.womsvetinikole.org.mk

instagram.com/ozo_svnikole

## **Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка:** 270000000911687 - **Халк Банка**